Осигурително брокерско друштво
СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД
БР 02-619/2
31.05.2024 год.
Битола

ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР
АД БИТОЛА

Врз основа на член 383, од Законот за трговските друштва и член 51 од Статутот на Друштвото, Собранието на акционери на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола, со седиште на ул.Димитар Илиевски Мурато бр.5 во Битола, со ЕМБС 7000324, на седницата на годишното собрание, одржана на ден 31.05.2024 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за распоредување на финансиски резултат од деловна 2023 година**

Член 1

Се утврдува вкупна добивка за 2023 година во износ од 24.287.047,00 денари пред оданочување.

Се утврдува пресметан износ на Данок на добивка за 2023 година во износ од 6.823.191,00 денари.

Се утврдува дека аванс на дивиденда за 2023 година не е исплатен.

Се утврдува нераспределен дел од износ на утврдена добивка за 2023 година во висина од 17.463.856,00 денари.

Се утврдува износ на име законска резерва износ од 2.835.877,00 денари.

Се утврдува дека дел од нераспределениот износ на утврдена добивка од став 4 на овој член се распределува како дивиденда на двата акционери на Друштвото соодветно на нивниот основачки влог и тоа износ од 3.849.468,00 денари на Зоран Пејчиновски и износ 3.849.468,00 денари на Христо Кондовски (дивиденден календар)

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2023 година е 13.06.2024 година.

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2023 година е 14.06.2024 година.

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2023 година е 17.06.2024 година.

Исплатата на дивиденда за 2023 година ќе се изврши согласно законските рокови, заклучно со 30.09.2024 година.

Се утврдува дека останатиот дел од нераспределениот износ на утврдена добивка од став 4 на овој член се реинвестира во Друштвото во износ од 6.929.043,00 денари.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

Битола, 31.05.2024 година

Претседавач,

Зоран Пејчиновски ____________________

Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола 12